Република Северна Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
e - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47-552-661

Бр. 10

01.07.2026

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

***за објавување на* Заклучок за усвојување Финансиски извештај на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период од 01.01.2026 до 31.03.2026 година**

1.Го објавувам Заклучок за усвојување на Финансиски извештај на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период од 01.01.2026 до 31.03.2026 година, донесен на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.06.2026 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 618/1 Општина Демир Хисар**
**01.07.2026 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02 и ,,Службен весник на РСМ бр.202/24”), член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ” бр. 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и ,,Службенн весник на РСМ” бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26), како и член 43 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар” бр. 03/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 29.06.2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување Финансиски извештај на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период од 01.01.2026 до 31.03.2026 година**

1. Се усвојува Финансикиот извештај на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период 01.01.2026 до 31.03.2026 година со бр. 0501-172 од 08.06.2026 година, усвоен од Управен одбор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар со Одлука бр.0202-177/3 од 10.06.2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

По еден примерок од Заклучокот се доставува до архива на Општина Демир Хисар и ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар.

Бр.17-573/3Совет на Општина Демир Хисар
29.06.2026 година Претседател
Демир Хисар Никола Дранговски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

***за објавување на Одлука* за давање согласност за измена на Годишниот план за вработување за 2026 година на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за давање согласност за измена на Годишниот план за вработување за 2026 година на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар, донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.06.2026 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-618/2 Општина Демир Хисар**
**01.07.2026 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 20 б став 1 алинеа 3 од Законот за вработените во јавниот сектор (,,Службен весник на РМ” бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и ,,Службен весник на РСМ” бр. 143/19, 14/20 и 208/24), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 29.06.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за измена на Годишниот план за вработување за 2026 година на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар**

Член 1

Советот на Општина Демир Хисар дава Согласност за измена на Годишниот план за вработување за 2026 година на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар со архивски број 0102-174/1 од 08.06.2026 година, усвоен со Одлука од Управен одбор бр. 0202-177/4 од 10.06.2026 година.

Член 2

Измената на Годишниот план за вработување за 2026 година на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар со архивски број 0102-174/1 од 08.06.2026 година, изготвен од страна на Директорот на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар, стапува во сила со денот на давањето на позитивно мислење од страна на Министерството за јавна администрација.

Член 3

Составен дел на оваа Одлука е образецот за измена на годишниот план за вработување за 2026 година пропишан од страна на Министерството за јавна администрација.

Член 4

Оваа Одлука се доставува до Министерството за јавна администрација заради добивање позитивно мислење.

Член 5

Одлуката стапува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-573/4 Совет на Општина Демир Хисар
29.06.2026 година Претседател
Демир Хисар Никола Дранговски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

***за објавување на Одлука* за субвенционирање на бесплатен превоз за сите граѓани на подрачјето на Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за субвенционирање на бесплатен превоз за сите граѓани на подрачјето на Општина Демир Хисар, донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 29.06.2026 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-618/3 Општина Демир Хисар**
**01.07.2026 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), како и член 43 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 13/16, 14/18, 10/19, 7/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седница одржана на ден 29.06.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за субвенционирање на бесплатен превоз за сите граѓани на подрачјето на Општина Демир Хисар**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува субвенционирање на бесплатен превоз за сите граѓани на подрачјето на Општина Демир Хисар, кој ќе го врши ЈП ,,Дехи Транс” Демир Хисар секој петок, во вкупен износ од 45.000,$_{00}$ денари.

Член 2

Бесплатниот превоз ќе започне од 03.07.2026 година и ќе трае заклучно со 28.08.2026 година.

Член 3

Средствата за оваа намена се обезбедени од Буџетот на Општина Демир Хисар за 2026 година.

Исплатата на средствата ќе се врши на сметката на ЈП Дехи Транс Демир Хисар, согласно склучен договор помеѓу Општина Демир Хисар и ЈП Дехи Транс Демир Хисар.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во

Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-573/5 Совет на Општина Демир Хисар
29.06.2026 година Претседател
Демир Хисар Никола Дранговски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоурава (Сл.весник на РМ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 19-а и член 23 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26), Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе:

**О Д Л У К А**
**За избор на директор на Јавното комунално претпријатие „Комуналец“ Демир Хисар по објавен јавен конкурс**

1. За директор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар е избран **Гоце Мицковски**, дипломиран економист од с. Сопотница, Демир Хисар.
2. По правосилноста на одлуката, градоначалникот ќе донесе решение за именување на директор на ЈКП „Комуналец Демир Хисар“, со мандат од четири години кој ќе започне по завршувањето на мандатот на постојниот директор.
3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

***О б р а з л о ж е н и е***

Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе одлука за распишување на јавен конкурс за избор на директор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар број 08-419/1 од 27.04.2026 година. Јавниот конкурс со деловоден број 08-419/3 од 28.04.2026 година беше објавен во дневните весници Нова Македонија, Слободен печат и Коха на ден 30.04.2026 година. По завршувањето на предвидениот рок за пријавување на јавниот конкурс, комисијата за спроведување на Јавен конкурс за избор на директор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар формирана со решение број 08-419/2 од 27.04.2026 година, ги разгледа поднесените пријави и состави Записник број 08-419/6 од 21.05.2026 година. На конкурсот беше пријавен само еден кандидат и истиот достави уредна документација.

Комисијата целокупната документација доставена од пријавениот кандидат и Записникот го предаде на Градоначалникот за понатамошно постапување.

Градоначалникот на Општина Демир Хисар на ден 04.06.2026 година во просториите на Општина Демир Хисар спроведе интервју со пријавениот кандидат и состави записник број 08-419/8 од 04.06.2026 година. Врз основа на целокупната документација која ја достави пријавениот кандидат за докажување на условите предвидени во јавниот конкурс и одржаното интервју, Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе одлука како во диспозитивот на оваа одлука.

***Правна поука:*** Против оваа одлука незадоволната страна има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на одлуката.

Доставено до:

- Именуваниот
- Архива на Општина Демир Хисар
- Интернет страница на Општина Демир Хисар

08-419/9
05.06.2026

**Општина Демир Хисар**

**Градоначалник**
**Никола Најдовски с.р.**

С О Д Р Ж И Н А
-------------------------------------------------

1. Одлука за усвојување Финансиски извештај на ЈКП Комуналец Демир Хисар за период од 01.01.2026 до 31.03.2026 година--------------------1
2. Одлука за давање согласност за измена на Годишен план за вработување за 2026 година во ЈКП Комуналец Демир Хисар-------------2
3. Одлука за субвенционирање на бесплатен превоз за сите граѓани на подрачјето на Општина Демир Хисар--------------------------------3-4
4. Одлука за избор на директор на ЈКП Комуналец Демир Хисар по објавен јавен конкурс-----------------------4-5

**Издава**

**Општина Демир Хисар**
**ул.Битолска бр.8**
**тел.047 552 661, 076 359 831**